**Година 2002, февруари, број 3**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

Еве сме на крајот на зимската пауза и на почетокот на летниот семестар. Од минатиот до овој информатор бр. 3 поминаа пет долги седмици. Снег, лед, вода во просториите, "одмор", сесија, заостанати обврски, има плата, нема плата, има плата, подготовка на летниот семестар, промоција, почеток на наставата, подготовка на завршната сметка, подготовка на процесот на самоевулација, . . .

Тоа и уште многу друго беше зимскиот одмор.

Сакам да искажам почит и благодарност кон сите кои неуморно "одмараа". Посебно кон оние што на различни начини придонесоа да се минимизираат штетите од временската состојба и оние кои го понесоа товарот на подготовката на промоцијата на завршените студенти на Машинскиот факултет.

Информаторот и понатаму е отворен за соработка. Затоа се добредојдени сите забелешки, идеи и сугестии. Особено се добредојдени инвентивни соработници.

Милан Ќосевски

## ПРОМОЦИЈА НА ЗАВРШЕНИ СТУДЕНТИ 2002

На ден 15.02.2002 во 11 часот се одржа промоција на завршените студенти на факултетот и тоа:

- 11 магистри (VII-2 степен)
- 143 дипломирани машински инженери (VII-1 степен)
- 20 машински инженери (VI-1 степен)

Статистиката покажува дека просечното време на додипломски студии изнесува околу 7 години и 9 месеци а на VI-1 степен нешто над 8 години.

Во текот на промоцијата преку видео бим одеше презентација на завршените студенти со нивни фотографии од времето кога ги започнале студиите.

На промоцијата од факултетот беа наградени најдобрите дипломирани студенти и најдобрите студенти по студиските години. Најдобриот студент доби и необична награда: ослободување од надоместот за постдипломски студии на Машинскиот факултет (наградата не е преносива и неможе да се замени за пари или друга стока ако не сака да студира).

На промоцијата се појави и традиционалниот спонзор Електростопанство на Македонија кое додели парични награди на

најдобриот дипломиран студент, како и на изработувачите на три дипломски работи кои ги одбра факултетот, а кои имаат врска со поширокиот интерес на ЕСМ.

За првпат како спонзор се појави и јавното сообраќајно претпријатие - Скопје кое подари комплет дресови (професионални) на најдобрата универзитетска спортска екипа во Македонија за 2001 година - екипата за мал фудбал на МФС. "Малите" фудбалери добија и писмено признание од факултетот, плус фудбалска топка.

Факултетот додели писмено признание и на весникот "Да Винчи" за новите импулси и зголемената активност. Беше доделена и конкретна помош: инк џет принтер.

Писмено признание доби и нашиот маратонец, Томи Стефановски а кошар-карската екипа доби топка, повеќе критики, помалку пофалби и многу желби оваа година да се спаси од испаѓање.

## КОМИСИЈА ЗА ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ

Комисијата за постдипломски студии интезивно работи на модификација на студиите. Поширока информација за работата на комисијата ќе следи на наставно научниот совет како и формулари и активности по институтите.

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Редакцијата на зборникот на трудови Ве известува дека новиот број на Зборникот 20/2 за 2001 е во завршна фаза на издавање.

Сите оние кои се заинтересирани за учество со труд во Зборникот најитно да го достават трудот кај секретарот на редакцијата, доц. Д-р Добре Рунчев, нај-доцна до 15.03.2002.

Одговорен уредник
Проф. д-р Миле Димитровски

## " А Л О - А Л О "

Новата телефонска централа дефинитивно стартуваше со работа. Се надеваме дека успешно ги активиравте лозинките и дека внимателно ги трошите импулсите.

## ДОКТОРИРАНИ

1. Асс. м-р Софија Сидоренко 31.01.2002
2. Асс. м-р Алекса Малчевски 14.02.2002

## МАГИСТРИРАНИ

1. Стр.сор. Филип Мојсовски 31.01.2002

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р  Томислав Златановски, студиски престој во Институтот за механика на флуиди при Бундесфер Универзитетот во Хамбург, Германија.
2. Асс. м-р Искра Дуковска - Поповска, стручен престој во Данска. Од таму добивме информација дека Искра има добиено школарина од страна на "European Doctoral School of technology and science" за докторски студии на Алборг Универзитетот, Факултет за инженерсто и наука. ЧЕСТИТО!
3. Асс. м-р Зоран Марков, сеуште на отслужување на воен рок. МИРРРНО!
4. Проф. д-р Константин Димитров, стручен престој во Бугарија, од 20.01.2002 до 23.01.2002
5. Асс. м-р Ѓорѓи Аџиев, стручен престој во Хрватска, од 20.01.2002 до 23.01.2002
6. Асс. м-р Искра Спасова-Ветаџоковска, стручен престој во Англија, на "International centre for technical research" во рамките на Темпус ИМГ програмата. Престојот е во период 14.02.2002-03.03.2002.
7. Проф. д-р Иван Мицкоски, проф. д-р Наќе Бабамов, доц. Д-р Даме Коруновски и доц. Д-р Зоран Пандилов, реализирање на меѓународен проект во Германија од 16.02.2002 до 24.02.2002.
8. Асс. д-р Никола Тунески во периодот од 24.02 до 27.02 ќе реализира стручен престој на Универзитетот во Белград, С.Р. Југославија.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

*

**21.02.2002**
**15 СЕДНИЦА НА  ННС**

*

**08.03.2002**
**8-ми МАРТ**

*

**28.03.2002**
**16 СЕДНИЦА НА  ННС**

*

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

*

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК  ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА***

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*